## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ИСТОРИЈА НА ПИЈАНИЗАМ 1” ОД ПРОФ. Д-Р МИЛИЦА ШКАРИЌ, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1402-85/14 од редовната седница на Наставно-научниот совет на Музичка Академија, одржана на 7.9.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Емилија Потевска-Попивода, професор на Музичката академија при УГД во Штип,
- проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, професор на Музичката Академија при УГД во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ИСТОРИЈА НА ПИЈАНИЗАМ 1**” од авторката **проф. д-р Милица Шкариќ,** наменет за студентите на прв циклус студии на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Музичката академија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Е-учебникот „Историја на пијанизам 1“ е наменет за студентите на прв циклус студии на Музичката академија за истоимениот предмет Историја на пијанизам 1, со фонд на часови 2+2+1 со 6 ЕКТС. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со студиската програма и целосно ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

***Податоци за обемот на ракописот***

Приложениот ракопис се состои од 13 тематски целини наменети за вкупно 13 предавања со следниве наслови: 1. Инструменти со клавиши, 2. Текстови за свирење на инструменти со клавиши од 16 и 17 век, 3. Трактатот за клавишни инструменти Il Transilvano од Џироламо Дирута, 4. Примери од оригинални прстореди на современици на Џ. Дирута, 5. Збирката за вирџинал на Фицвилијам и англиските вирџиналисти, 6. Франсоа Купрен, 7. Жан Филип Рамо, 8. Доменико Скаралати, 9. Георг Фридрих Хендел, 10. Јохан Себастијан Бах, 11. Синовите музичари на Ј. С. Бах, 12. Јозеф Хајдн и 13. Волфганг Амадеус Моцарт. Ракописот содржи 132 страници заклучно со користената литература. Освен текстот, ракописот содржи 272 слики и нотни примери кои исцрпно го дообјаснуваат. Обемот на ракописот по содржина целосно ги задоволува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто соодветствува на Наставната програма по предметот Историја на пијанизам 1 на Музичката академија при УГД не е објавен. Со тоа се потврдува реалната потреба за публикување на учебник за изучување на овој теориски предмет на македонски јазик.

***Краток опис на содржината***

Учебникот во ракопис е напишан во разбирлив стил. Текстуалните музички информации се дообјаснети со многубројни нотни примери. Истовремено им е овозможено на студентите запознавање со оригиналните музички називи на одредени стручни музички термини на француски, италијански, германски и англиски јазик.

Ракописот е презентиран со предговор, 13 тематски наслови и користена литература со сите наведени извори од странски и домашни автори.

Првиот тематски наслов - *Инструменти со клавиши* ги опфаќа исцрпно жичените инструменти со клавиши: чембало, вирџинал, спинет, лаута-чембало, чембало d'amour, клавикорд, пијано и оргулите како аерофони инструменти со клавиши. Вториот тематски наслов - *Текстови за свирење на инструменти со клавиши од 16 и 17 век* ги опфаќа најстарите зачувани пишани текстови кои ја опфаќаат изведбата на клавишни инструменти од Пиетро дела Вале, Себастијан Вирдунг, Мартин Агрикола, Отмар Лусциниус, Ханс Бухнер, Хуан Бермудо, Томас де Санта Марија, Елиас Николаус Амербах и Хернандо Кабезон. Третиот тематски наслов - *Трактатот за клавишни инструменти Il Transilvano од Џироламо Дирута* го опфаќа исцрпно првиот трактат во кој за првпат се разграничува свирењето на чембало од свирењето на оргули. Четвртиот наслов - *Примери со оригинални прстореди на современици на Џ. Дирута* содржи 15 оригинални примери со прстореди од Ханс Бухнер, Кристијан Ербах, Елијас Амербах, Орландо Гибонс, Џон Бул и еден анонимен автор. Петтиот наслов - *Збирката за вирџинал на Фицвилијам и англиските вирџиналисти* го опфаќа најважното творештво за вирџинал на Џон Бул, Вилијам Берд, Џил Фарнаби и Томас Томкинс. Детално се опфатени иновациите на овие композитори кои дале голем придонес за развивање на современата пијанистичка техника. Шестиот наслов - *Франсоа Купрен* исцрпно го опфаќа најважното творештво за чембало на овој генијален француски композитор. Освен најважните пиеси за чембало, опфатен е и неговиот трактат *Уметноста на свирење чембало,* кој извршил големо влијание врз неговите современици. Седмиот наслов - *Жан Филип Рамо* го опфаќа творештвото за чембало на големиот француски композитор. Опфатени се трите капитални збирки со негови пиеси за чембало. Осмиот наслов - *Доменико Скарлати* го опфаќа најважното од творештвото за чембало на познатиот италијански композитор, кој напишал дури 555 сонати. Прегледно се претставени сите видови на техника кои Скарлати ги употребил во неговите сонати за чембало. Деветтиот наслов - *Георг Фридрих Хендел* го опфаќа речиси целото клавирско творештво на Хендел, кое по својот опус не било големо како што било тоа на неговите генијални современици. Десеттиот наслов - *Јохан Себастијан Бах* исцрпно го претставува клавирското творештво на овој великан со сите негови генијални музички иновации. Претставени се седумте *токати*, двете книги на *Добро темпериран клавир*, шесте *француски* и шесте *англиски суити*, шесте *партити*, *Италијанскиот концерт*, *Француска увертира* и *Варијации Голдберг*. Од претставеното може јасно да се увиди монументалното клавирско творештво на Ј. С. Бах, какво не било создадено ни од неговите претходници, ни од неговите современици. Единаесеттиот наслов - *Синовите музичари на Ј.С.Бах* ги претставува детално четворицата Бахови синови кои станале познати музичари: Вилхелм Фридеман Бах, Карл Филип Емануел Бах, Јохан Кристоф Фридрих Бах и Јохан Кристијан Бах. Посебен акцент е ставен кон клавирското творештво на Карл Филип Емануел Бах, кој во 18 век бил попознат од неговиот татко и чиј трактат *Есеј за вистинската уметност на свирење клавишни инструменти* извршил големо влијание врз Ј. Хајдн, В. А. Моцарт и Л. Ван Бетовен. Дванаесеттиот тематски наслов - *Јозеф Хајдн* исцрпно ги опфаќа иновациите кои Хајдн ги извршил во доменот на клавирската соната. Претставени се седумте типови на сонати според класификацијата на унгарскиот музиколог Ласло Зомфаи, мошне корисна класификација каква не е направена претходно. Последниот тринаесетти наслов - *Волфганг Амадеус Моцарт* го опфаќа творештвото за пијано на генијалниот композитор и вундеркинд.

Списокот на користена литература содржи 64 наслови, од кои 62 се од странски автори, сите соодветно цитирани во ракописот.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија констатира дека ракописот за учебникот „Историја на пијанизам 1“ пријавен од авторката проф. д-р Милица Шкариќ соодветствува на содржината на наставната програма по истоимениот предмет на Музичката академија при УГД во Штип. Објавувањето на е-учебникот ќе биде од голема корист за студентите од Катедрата по пијано на Вокално-инструменталниот оддел, но и за пошироката пијанистичка и музичка јавност.

Според претходно изложеното, Комисијата во горенаведениот состав му предлага на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебник **„Историја на пијанизам 1“** пријавен од авторката **проф. д-р Милица Шкариќ** и да го одобри за користење како **електронски учебник** и негово публикување во електронската библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Емилија Потевска-Попивода**
**Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**
**Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**